РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-2351/1
03-07-2026

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 33 – та седница одржана на ден 11.06.2026 година донесе

***Одлука***

Постапката за проверка на податоците за имотната состојба од анкетниот лист на --------------, поранешен министер за --------------, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот број 08-4321/1 од 16.09.2019 година.

Предметот со број 08-4321/1 од 16.09.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот број 08-4321/1 од 16.09.2019 година е оформен врз основа на Годишен план за следење на имотната состојба и интереси за 2019 година.

ДКСК на 30.05.2019 година го усвои Годишниот план за следење на имотната состојба и интереси и на 12.11.2019 година ја усвои Измената на Годишниот план за следење на имотната состојба и интереси во кој беше планирано да се изврши проверка на вистинитоста на податоците од анкетните листови на директорите и замениците директори на Јавните претпријатија основани од Влада на РМ и Акционерските друштва како и на членовите на актуелниот и претходниот состав на Владата на РМ. Согласно овој план беше оформен предметот 08-4321/1 од 16.09.2019 година за проверка на податоците од анкетниот лист на поранешениот министер за --------------, --------------.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930

ДКСК, од именуваниот обезбеди податоци за членовите на неговото семејство со кои живее во заедничко домаќинство.
ДКСК, со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, прибави податоци за имотот на ----------- и членовите на неговото семејство од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност и Централниот регистар на Република Северна Македонија.
По извршена анализа на прибавените податоци од наведените институции како и податоците од изјавата за имотна состојба и интереси поднесена од страна на именуваниот утврди дека нема несразмерно зголемување на имотот и констатира дека нема елементи за нејзино натамошно надлежно постапување во конкретниот случај.
Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

**Претседател,**
**Адем Чучуљ**

**Изготвил:** м-р Б.С., советник
**Согласен:** К.З, раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: S.D. -член/anëtar